За прогласување на Одлуката за измена на член во одлука бр.о8-364/3 од 13.11.2015 година за одобрување на земјиште за легално изграден објект во општината а на барање на физичко лице.

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за измена на член во одлука бр.о8-364/3 од 13.11.2015 година за одобрување на земјиште за легално изграден објект во општината а на барање на физичко лице, број 08-86/16 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/14 Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ; број 05/2002), а заради појаснување ( допрецизирање) на член 51, став 1, точка 1, и член 25, став 1, точка 6 и 7 и член 15 точка 1 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Сл. Гласник 03/2015 (пречистен текст).
Советот на Општина Маврово и Ростуше на својата редовна седница одржана на ден 28.02.2018 год. Ја донесе следната

ОДЛУКА

За измена на член на одлуката заведена под бр. 08-364/3 од 30.11.2015 година, за одобрување на земјиште за легално изграден објекти во општината а на барање на физичко лице.

Член 1

На барање од лицето Фадил Зендели од Гостивар, согласно условите на градежната парцеласе менава член 1, став 1 , од Одлуката бр. 08-364/3 од30.11.2015 година за применување на стандарди за големината на градежната парцела преку системот е-урбанизам на легално изграден објект при одобрување на доставената урбанистичка документација.

Член 2

За легаризираниот објект на лицето Фадил Зандели, објект изграден на државно земјиште под објект му се дозволува мах. Површина на градежната парцела поголема од 200 м2 и тоа само - доколку е можно согласно условите во урбанистичко планската документација и условите од терен.

Член 3

Оваа одлука стапува на сила по објавувањето во службен гласник на Општина Маврово Ростуше.

Бр.08-86/16 Совет на Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**30.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за усвојување на дополнувања на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општината за 2018 година.

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за дополнувања на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општината за 2018 година, број 08-86/17 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/15 — Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/1 и 163/16) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начинот на графичката обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон анселено место и регулационен план на генерален урбанистички план, формата и содржината и начинот на обработката на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15) и член 25 точка 7 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше, Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 28.февруари 2018 год., донесе:

ДОПОЛНУВАЊЕ НА - П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈА
НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ ЗА 2018 ГОДИНА

Со овасе дополнува „Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Маврово и Ростуше за 2018 год." донесена од страна на Советот на општина Маврово и Ростуше со бр. 08-318/7 од 21.12.2017 год. која се однесува за донесување на урбанистички планови за 2018 год. во следните делови:
Во делот -

**1. Програмски задачи**

**1.1. Програмски задачи финансирани од Буџетот на општина Маврово и Ростуше**

После потточката 1.1.4 се додава :

1.1.5. Изработка на УПС или Општ акт за с.Велебрдо

М=1:2500
П = 25,оо ха

1.1.6. Изработка на УПС или Општ акт за с.Ростуше

М=1:2500
П = 35,оо ха

1.1.7. Изработка на УПВНМ за индустриска зона под Скудриње

М=1:1000
П = 18,26 ха

1.1.8. Изработка на УПВНМ за КП бр. 269, 316 и 320 КО Аџиевци

М = 1:1000
П=7,3 ха

Во делот:

1.2. **Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори**

После птточката 1.2.1. се додава :

1.2.2. Изработка на Локална Урбанистичка планска документација (ЛУПД) за туристички комплекс „Брдо Маврово“ – Маврови Анови

М=1000
П= _______ ха

1.2.3. Изработка на Архитектонско Урбанистички Проект (АУП) за Авто камп , нас. Маврови Анови

М=1000
П= _______ ха

Останатиот дел од Програмата бр. 08-318/7 од 27.12.2017 год. останува непроменет !
Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување од страна на Советот на општина Маврово и Ростуше и ќе се објави во Службен гласник на Општината.

Бр.08-86/17 Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

31.
Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за спонзорство на „Мавровскиот меморијал“ 2018 година-Маврово

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за спонзорство на „Мавровскиот меморијал“ 2018 година-Маврово, број 08-86/18 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/16 Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 6 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година, Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување на финансиска поддршка за спонзорство на „Мавровскиот меморијал“ 2018 година-Маврово**

Член 1

Се одобрува еднократна парична помош во износ од 40.000,оо денари како спонзорство за реализирање на програмата за одржување на 55-иот „Мавровски меморијал“ за 2018 година.

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година, како спонзорство на општината.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање од страна на „Ски Мавровски Меморијал“ како организатор на меморијалот, барањето е поднесено на 26.02.2018 година.

Средствата ќе бидат уплатени на жиро - сметка 300000003332859 Комерцијална Банка- Скопје. Даночен бр.4057011514371.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување.

Бр.08-86/18
28.02.2018 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л ,
Алил Алили, с.р.

**32.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош за спонзорство на ФК „РЕКАНЦИ“ од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска помош за спонзорство на ФК „РЕКАНЦИ“ од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше, број 08-86/19 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/17
02.03.2018 год.
Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување на финансиска помош за спонзорство на ФК „РЕКАНЦИ“ од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше**

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 50.000,оо денари на ФК „РЕКАНЦИ“ од с.Ростуше Општина Маврово и Ростуше, за одржување на подготовки и настапување на натпревари во лигата, за сезоната 2018 година.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање од страна на раководството на ФК „РЕКАНЦИ“.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на т.с-ка 200002649946678 –Стопанска банка м.бр.2905979473004 Борче Божиновски. .

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување.

Бр.08-86/19 Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**33.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за ослободување од надомест за уредување на градежно земјиште – комуналии за барање бр. УП1 бр.10-213/17

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за ослободување од надомест за уредување на градежно земјиште – комуналии за барање бр. УП1 бр.10-213/17, број 08- 86/20 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/18 Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Весник на РМ број 05/2002/,а во врска со член 59 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и39/12-пречистен текст), а во согласност со член 15, став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За ослободување од надомест за уредување на градежно земјиште – комуналии за барање бр. УП1 бр.10-213**/17

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Маврово и Ростуше го ослободува инвеститорот, односно изведувачот на градежните работи „Агиоандика“ ДООЕЛ Ростуше од надомест за уредување на градежно земјиште, односно комунална такса за изградба на објект А4 Мотел за времено сместување. Објектот ќе се гради во атарот на манастирот Свети Јован Бигорски и ќе се користи исклучиво за верски потреби.

Барањето е заведено под бр.УП1 бр.10-213/17 од 27.12.2017 година, одделение за урбанизам Општина Маврово и Ростуше.

Член 2

Објектот го гради „Агиоандика“ ДООЕЛ Ростуше како носител на правото на градење и подносител на барањето за издавање на одобрение за градба на парцела Кп бр.25/2 и КП бр.27/2 КО Росртуше имотен лист бр.453 и имотен лист 351, који се во сопственост на Манастирот.

Комуналната инфраструктура за парцелата е изградена и финансирана од страна на манастирот.

Ослободувањето се прави врз основа на поднесено барање бр 20/2018од 23.02.2018 како стимулација на општината во инвестирање на производни објекти на територијата на општината.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување.

Бр.08-86/20 Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**34.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на парична помош за лекување, број 08-86/21 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/19 Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 9 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 2811.12.2017 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За одобрување на парична помош за лекување**

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 32.000,оо денари за лекување на Муслију Џемиле од с.Скудриње Општина Маврово и Ростуше.

Средствата ќе бидат наменети за лекување и други медицински третмани на имануваниот поради нанесени телесни оштетувања од страна на селските куќиња (скитници).

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 28.02.2018 година.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2017 година на трансакциона сметка 240607107876953 - Уни банка и мат.бр 2412980473019.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-86/21 Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**35.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на одлуката за одобрување на јубилејна награда

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на јубилејна награда, број 08-86/22 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 6-та редовна седница, одржана на ден 28.02.2018 година.

Бр.09-98/20 Општина Маврово и Ростуше
02.03.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување на јубилејна награда на вработен во општинската администрација**

Член 1

Се одобрува еднократна јубилејна награда во износ од 10.000,оо денари, на административниот службени Диди Џафери вработени на неопределено работно време во општината за исполнет непрекинат работен стаж во траење од 20 години.

Член 2

Наградата се одобрува на негово барање а согласно добиените податоци од оделението за човечки ресурси.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Бр.08-86/22 Совет на Општина Маврово и Ростуше
28.02.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**36.**

Врз основа на член 132 став 3 од Законот за основно образование(,,Сл.Весник на РМ" број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), а во согласност со член 50, став 1, алинеја 16 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 28.02.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За објавување на јавен оглас за избор на директор на Основно училиште ,,Денче Дејаноски'' Маврови Анови

Член 1

Со оваа Одлука се наложува на Училишниот одбор на Основно училиште ,,Денче Дејаноски'' Маврови Анови да објави јавен оглас за избор на директор.

Член 2

Во објавениот јавен оглас во јавните гласила Училишниот одбор на Основно училиште ,,Денче Дејаноски'' Маврови Анови да ги утврди условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Член 3

По спроведување на постапката согласно член 132 став 12 од Законот за основно образование, Училишниот одбор во рок од седум дена од денот на извршениот разговор со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор, на Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше му предлага два кандидати доколку се имаат пријавено повеќе или еден кандидат за избор на директор доколку се има пријавено еден и Градоначалникот во рок од 10 дена од добивање на предлогот го врши изборот на директор на Основно училиште.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Општина Маврово и Ростуше

Број 09-93/3
28.02.2018 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски

37.

Врзоснованачлен 9 одЗаконотзапостапувањесобеспpавноизградениобјекти /,,Сл.Весникна РМ'' број 23/2011, 54/2011, 155/2012/, 53/2013, 72/2013 и 44/2014, а во согласност со член63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 05/2002/,Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 20.02.2018 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Заформирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуше

1. Со ова Решение се формира Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуша во следниот состав:
   - СадрединЕлезоски – претседател
   - ХарисИбраими – член
   - ДијанаТрипуновска - член

2. Со влегување во сила на ова Решение, престанува со важност претходно донесеното Решенија за оваа намена, а заведени со архивски броеви 09-221/1 од 30.08.2017 година.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Решението е доставендо:

- Архивата на општината
- Членовите на комисијата
- Одделението за урбанизам,ком.дејности и заштитана животнасредина

Број 09-80/1
20.02.2018 г.

ОпштинаМаврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски

**38.**

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/2002) а во врска со член 23, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), Градоначалникот на општина Маврово и Ростуше на ден 09.02.2018 год. го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се формира Комисија за урбанизам со седиште во село за Општина Маврово и Ростуше, составена од три члена од кои двајца се носители на овластување за изработка на урбанистички планови, а еден е стручно лице од областа на урбанистичкото планирање, која ќе ги врши работите пропишани во член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Комисијата ја сочинуваат следните членови:

1. Ќирко Џуковски – дипломиран инжинер архитект, вработен во општина Маврово и Ростуше, како Раководеител на одделение за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина – со овластување бр. 0.0303
2. Абдија Салиу – дипломиран градежен инжинер, вработен во општина Маврово и Ростуше на работно место Советник за одобренија за градење.
3. Валентина Попоска – дипломиран инжинер архитект – надворешен член , вработена како урбанист, од Гостивар – со овластување бр. 0.0078
4. Вера Попоска – дипломиран инжинер архитект – надворешен член , вработена како урбанист, од Гостивар – со овластување бр. 0.0037

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на општина Маврово и Ростуше“.

Образложение

Со ова Решение Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше, согласно член 23 од Законот за просторно и урбансистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16) – во понатамошниот текст законот, за потребите на единицата за локална самоуправа Маврово и Ростуше ја формира Комисијата за урбанизам во горенаведениот состав.

Комисијата за урбанизам на општините со седиште во село е составена од три члена и еден заменик член, од кои двајца се носители на овластување за изработка на урбанистички планови а еден е стручно лице од областа на урбанистичкото планирање, при што најмалку еден член треба да е лице вработено во општинската администрација. Комисијата за урбанизам постапува по поднесени иницијативи , согласно член 20 на законот, ја изработуваат планската програма за урбанистички планови од член 7 став 1 точка 2 од законот, регулациски план на генерален урбанистички план и локална урбанистичка планска документација за потребите на Општината, доставуваат предлог за одобрување или неприфаќање на планската програма за локална урбанистичка планска документација за потребите на правни и физички лица, даваат стручно мислење за предлогот на урбанистичките планови од член 7 став 1 точка 2 алинеи 2,3 и 4 од Законот, даваат стручно мислење за предлогот на регулациски план на генерален урбанистички план, спроведуваат јавна презентација и јавна анкета при одобрувањето на локална урбанистичка планска документација, доставуваат предлог до градоначалникот на Општината за одобрување на локална урбанистичко-планска документација и даваат мислење за техничка исправка на урбанистички план.

Комисијата ќе врши и други работи кои се во нејзина надлежност, не се наведени во ова Решение, а се сретнуваат во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Во Комисијата се именува и заменик надворешен член, со цел истата да може да функционира и во случај кога надворешниот член е спречен да учествува во работата, а пре се од причини на појава на судир на интереси, бидејќи надворешниот член е вработен во правно лице изработувач на урбанистичка документација, така да во случај кога правното лице во кое е вработен надворешниот член на комисијата се појави како изработувач на документацијата, тој член ќе биде исклучен од неговата работа и на негово место ќе биде ангажиран заменик членот.

Со влегувањето на сила на ова Решение престанува да важи Решението со кое е формирана претходната комисија, заведено кај органот под бр. 09-293/1 од 06.12.2017 год. и

Решено во с.Ростуше на ден 06.02.2018 год.

с.Ростуше
09.02.2018 год

**ПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**МЕДАТ КУРТОВСКИ, с.р.**

**39.**

Врз основа на член 63 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр.05/2002 од 29.01.2002 год.) и член 75, став 1 и 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Пречистен текст објавен во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше 03/2015), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 05.02.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

*За доделување на еднократна финансиска помош*

Барањето за финансиска помош на лицето Елведин Зеќили од с.Скудриње, Општина Маврово и Ростуше, **СЕ ОДОБРУВА.**

На претходно споменатото лице му се одобрува еднократна финансиска помош во бруто износ од **8.000,оо денари**.

Средствата да се исплатат на следната сметка: xxxxxxxxxxxxxxx, депонент ТТК Банка АД Скопје, отворена на име на подносителот на барањето.

**Образложение**

Од страна на лицето Елведин Зеќили од с.Скудриње, со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx до Општина Маврово и Ростуше е поднесено барање за доделување на финансиски средства заведено под УПП 09-10 од 02.02.2018 година.

Во барањето горенаведеното лице наведува дека поради природата на болеста и моменталната здравствена состојба приморан е да изврши операција, инаку е невработен и корисник на социјална помош, со примањата од истата не е во можност да ги подмири трошоците за хирушкиот третман и лекарства, па поради тоа се обраќа до локалната самоуправа да му излезе во пресрет во рамките на финансиските можности.

Согласно доставните прилози кон барањето, кај барателот е дијагностицирана Ингвинална хернија – К40.

Во прилог на барањето ги достави следните докази и тоа:

- Болнички упат, бр.RA7754 издаден од ЈЗУ Општа Болница, Д-р.Ферид Мурад, Гостивар од 26.01.2018 год. и
- Запис за прием на болниот бр.RA7754 издаден од ЈЗУ Општа Болница, Д-р.Ферид Мурад, Гостивар од 26.01.2018 год.,
- Извештај од специјалист, Упат бр.WW71703, издаден од ЈЗУ Општа Болница, Д-р.Ферид Мурад, Гостивар од 26.01.2018 год.

Врз основа на доставените докази се утврди дека лицето Елведин Зеќили од с.Скудриње боледува од Ингвинална хернија – К40, како и тоа дека се упатува на хирушка интервенција поради истото.

Откако беше разгледано барањето од страна на Градоначалникот и на истото со свој потпис од негова страна и наведен износ на одбрени средства, беше одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

Средствата да се исплатат на сметката која е наведена во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната страна има право на жалба до Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината во рок од 5 дена од денот на приемот на Решението.

Решено во Ростуше,
на ден 05.02.2018 год.
УПП бр.09-10

**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**МЕДАТ КУРТОВСКИ**

**Доставено до:**

- Барателот – Елведин Зеќили
- Одделение за финансиски прашања
- Архива на општината

===================================================================

**С О Д Р Ж И Н А**

**16. Одлуката за усвојување на Финансовиот извештај на приходите и трошоците на сметките на ООУ„Блаже Конески„ од с.Скудриње за 2017 година..................19**
**17. Одлука за усвојување на Финансовиот извештај на приходите и трошоците на сметките на ООУ „Ѓорѓи Пулески“ од с.Ростуше за 2017 година.......................................................................................................20**

18.За усвојување на Финансовиот извештај на приходите и трошоците на сметките на ООУ„Денче Дејаноски„ од Маврови Анови за 2017 година........................................................................................................ ...21
19.Одлука за усвојување на Финансовиот извештај на приходите и трошоците на сметките на ООУ „Јосип Броз Тито“ од с.Жировница за 2017 година ..............................................................................................................................22
20.Одлука за усвојување на Финансовиот извештај на приходите и трошоците на сметките на на СОУ „Маврово-Ростуше“ од с.Ростуше за 2017 година.........................................................................................................23
21.Одлука за усвојување на Финансовиот извештај на приходите и трошоците на сметките на ЈПКД „Маврово“ од Маврови Анови за 2017 година.........................................................................................................23
22.Одлуката за усвојување на Финансовиот план на приходите и трошоците на сметките на ЈПКД „Маврово“ од Маврови Анови за 2018 година.......................................................................................................24
23.Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈПКД „Маврово“ од Маврови Анови за 2018 година......................................................................25
24.Одлуката за разрешување и именување на член во Училишен Одбор на СОУ „Маврово-Ростуше“ од с.Ростуше.........................................................28
25.Одлуката за разрешување и именување на член во Училишен Одбор на ОУ „Блаже Конески“ од с.Скудриње............................................................29
26.Одлуката за разрешување и именување на член во општински ладински совет........................................................................................................30
27.Одлуката за разрешување и именување на член во локален совет за превенција.........................................................................31
28.Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше родени во 2018 година........................................................................................................32
29.Одлуката за измена на член во одлука бр.о8-364/3 од 13.11.2015 година за одобрување на земјиште за легално изграден објект во општината а на барање на физичко лице...........................................................................33
30.Одлуката за усвојување на дополнувања на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општината за 2018 година.................................................................................................34
31.Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за спонзорство на „Мавровскиот меморијал“ 2018 година-Маврово.........................................35
32.Одлуката за одобрување на финансиска помош за спонзорство на ФК „РЕКАНЦИ“ од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше...........................36
33.Одлуката за ослободување од надомест за уредување на градежно земјиште – комуналии за барање бр. УП1 бр.10-213/17.....................................................37
34.Одлуката за одобрување на парична помош за лекување..............................38
35.Одлуката за одобрување на јубилејна награда................................................39
36.Оглас за избор на директор на Основно училиште ,,Денче Дејаноски’’ Маврови анов.......................................................................................................40
37.Решение За формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуше..............................................40
38.Решение за формира Комисија за урбанизам со седиште во село за Општина Маврово и Ростуше, составена од три члена од кои двајца се носители на овластување за изработка на урбанистички планови, а еден е стручно лице од обласста на урбанистичкото планирање, која ќе ги врши

**работите пропишани во член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.........................................................................................................41**
**39. *Решение* за доделување на еднократна финансиска помош......................42**

**Прилози:**

- **Годишна програ**

**==========================================================================**
**ИЗДАВА И УРЕДУВА СЛУЖБА НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**
**==========================================================================**